## 24. БИБЛИОТЕКАТА НА ТРПО ОНУФРИЕВСКИ ОД ЛЕШОК



Трпо поп Спиров Онуфриевски ( 1896-1933 )
Trpo pop Spirov Onufrievski ( 1896-1933 )

Дедо ми Трпо Онуфриевски е роден 1896 година во најстариот род Лалошои од Лешок, кој има долговековна свештеничка традиција. Трпо е многу напреден ученик. Завршил богословско учителско училиште 1920 во Призрен и работи како учител до неговата смрт 1933 година, кога умира на 37 годишна возраст.

За неговата смрт објавен е текст во весникот Вардар од јули 1933 година од новинарот Боро Јосифовски од Тетово ( извор: ред.бр. 9).

Трпо имал сопствена библиотека со преку 100-на книги. Заклучно со март 2006 година осознав дека учителот Трпо во својата библиотека ја имал и книгата Огледало од Кирил Пејчинович, Требник, Молитвословја и др. за кои дојдов до сознанија со моите трагања и истражувања во минатите години.

Дедо ми Трпо, набрзо после женењето во 1920 година над влезната врата од старата куќа, денес, на чичко ми Томе Поповски доградил две соби од кои едната му била работна соба со работна маса и фотеља и библиотека со полици на кои биле наредени книгите. Во 1932 година дедо изградил новата куќа, блиску над новата општинска и училишна зграда и се преселиле во неа. Во предната соба, од кај ливадата на баба Иљојца Атанасовска ја сместил библиотеката.



(Фото:Митко Спироски, 2005, Во оваа и ваква куќа сум роден 29.09.1949, која ја изградиле 1932 дедо Трпо и баба Цвета Онуфриевски од Лешок, а од куќата ми остана само оваа слика во масло од Тони Шулајковски, и љубовта кон Лешок, родот и родниот крај и убавите детски спомени, кои ги опеав во оваа и други книги-Извор: ред. бр. 75)
( Photo: Mitko Spiroski, 2005, In this house I was born on 29.9.1949, which was built by my grandfather Trpo and my grandmother Cveta Onufrievski- Lesok in 1932, out of which I was left only with this painting in oil, painted by Toni Shulajkovski and the love toward Lesok, the kin and birthplace with beautiful child's memories, which are sung by me in this and other books, Sours: No. 75)

По неговата смрт 26 јуни 1933 година, најголем дел од книгите ги земале некои лица професори или црковни лица од Белград кои доаѓале во Лешочкиот манастир во специјални мисии. Но, доаѓале и некои лица и од Софија и тие земале книги кои биле позначајни.

Од разговорот со баба ми Цвета Онуфриевска, со татко ми Живко Спироски и со моите чичковци Слободан Спироски, Боре Спироски, Томе Поповски и Миле Спироски од Лешок, тие ми рекоа дека триесетина книги со црковна содржина од книгите на дедо Трпо останале кај татко му поп Спиро и дваесетина кај брат му поп Ѓиго, а останатите останале на полиците во собата.

За време на окупација од Германците кога дошле во Лешок ја определиле куќата на дедо Трпо да штабно место и за телеграф, оти од сите куќи во Лешок оваа куќа имала најдобри услови. Собата кај што била библиотеката на дедо ми Трпо, Германците наредиле баба ми Цвета да ја испразни и исчисти. Баба Цвета книгите ги симнала во подрумот и тоа во внатрешните простории кои биле потемни и повлажни. Така, продолжило растурањето на книгите од дедо.

Се сеќавам дека над куќата моите родители имаа казан за печење ракија, а имаа и многу каци, врчви и др. во кои се ставаше грозје и сливи. Кога печеа ракија се сеќавам дека покрај дрва во казанот ставаа и стари дебели книги ( дневници, службени весници, класери, дебели темни книги со кожнени и платнени корици,

тетратки и листови ) кои ги земаа од нашиот подрум и кои беа со пепел и пајажина поцрнети. Најверојатно многу од останатите вредни книги и дневници на дедо, така изгореа. Навистина немавме многу простор за нас, а камоли за книгите, а посебно што тие не знаеја да ја ценат вредноста на книгите.

Интересно е дека разговарав со тато, со аџо Цобе, аџо Боре, со Нина, со братучетката Рада и др. и никој од нив не ги листал и не ги читал книгите и не забележил дека некои од дебелите книги беа дневници од ученици кога дедо бил учител. А јас многу добро се сеќавам дека ги листав дневниците и читав имиња и презимиња на деца и ги читав отценките по разни предмети и се сеќавам на неговиот прекрасен ракопис, кој беше ист со ракописот и потписот кој го ставал на фотографиите, кои јас често ги гледав.

Во 2004 година Илија Јастревски кој живее во Риека ми напиша текст, во кој зборува за однесувањето на дедо Трпо Онуфриевски и за неговите книги и за библиотеката кај старата куќа, кога со дедо Мито, татко му на Иљо, биле соседи.

После ослободувањето дел од книгите на дедо, кои останале ги земале некои професори од Скопје. Така, во август 2005 година кога припремавме текстови за книгата на Здружението ЛЕШОК финансирана од фондацијата СОРОС: ЛЕШОК И СОСЕДНИТЕ СЕЛА ( материјална и духовна култура), го запознав проф. Борис Марков, кој е со потекло од Отуње ( извор: ред. бр. 2).

Г-ин Борис Марков ме извести дека 1946 година бил испратен од проф. Харалампие Поленаковиќ од Скопје да отиде во Лешок кај прадедо ми Спиро и да ја земе книгата Огледало од Кирил Пејчинович.



( проф. Борис Марков,од Отуње, во неговиот дом во Жданец-Трнодол Скопје)
( teacher Boris Markov- Otunje, in his home in Zdanec-Trnodol, Skopje)

Така, за потребите на младата македонска наука, тогаш младиот истражувач од Отуње, сега проф. Борис Марков го зел првиот примерок на Огледало во Македонија, од кај прадедо ми Спиро, а која книга, заедно со другите книги биле дел од библиотеката на дедо ми Трпо и кога умрел дел останале кај прадедо ми Спиро.

Денес, не се знае каде е книгата Огледало, дали е во личната архива и библиотека на починатиот проф. Поленаковиќ или тој ја предал во НУБ Климент Охридски во Скопје.

Поп Стојче Ристовски ме извести дека во 1953 година, летото кога го завршил богословско училиште во Призрен, му ги дала попадија Менуша Онуфриевска, жена на поп Спиро двете книги (Требник и Молитвословија). Поп Стојче двете книги ги предал во Богословија и истите денес се во Библиотеката на богословскиот факултет. И овие две книги биле дел од библиотеката на дедо ми Трпо.



(Трпо Онуфриевски, слика во масло, Тони Шулајковски, сликар,Скопје- Извор: ред. бр.75 )
(Trpo Onufrievski, painting, Toni Shulajkovski, Skopje- Sources: No. 75 )

Во јуни 2005 година, поп Стојче Ристовски ми ја даде да ја видам книгата Молитвословија од 1862 година која е печатена во Русија, а која денес се наоѓа кај него. Книгата му ја дал поп Ѓиго Онуфриевски, а која исто така била дел од библиотеката од дедо ми Трпо. Инаку дедо ми Трпо многу добро го знаел рускиот јазик и читал руски книги и имал отцена многу добар ( 4 ), што се гледа на ред. бр. 13

од Сведителството. Дедо ми Трпо имал повеќе книги со црковна содржина на руски јазик и и старословенско македонски јазик и најверојатно книгата Молитвословја била оставина од неговите книги, кои останале по смртта во 1933 година и дел од книгите му припаднале на дедо Спиро и дел на дедо Ѓиго.



СВЕДОЏБА

СРПСКЕ ПРАВОСЛАВНЕ БОГОСЛОВСКО-УЧИТЕЉСКЕ ШКОЛЕ У ПРИЗРЕНУ

Госп. Трпко Онуфријевић, Србин, православне вере, ..., округ ..., по свршетку IV разреда гимназије ступио је 1919 20 године у други разред Богословско-Учитељске Школе и свршио исту школу 12 јуна 1920. године са оваквим успехом:

1. Из Светог Писма са Херменевтиком — добар (3)
2. » Догматике и Полемичког Богословља — врло добар (4)
3. » Апологетике
4. » Моралног Богословља — добар (3)
5. » Пастирског Богословља — добар (3)
6. » Црквеног и Брачног Права — врло добар (4)
7. » Литургике — добар (3)
8. » Омилитике — добар (3)
9. » Историје Хришћанске Цркве — добар (3)
10. » Историје Српске Цркве — врло добар (4)
11. » Патрологије
12. » Српског Језика — добар (3)
13. » ... — добар (3)
14. » Руског Језика — врло добар (4)
15. » Историје Опште — добар (3)
16. » Психологије
17. » Логике — добар (3)
18. » Опште Педагогике — добар (3)
19. » Методике — добар (3)
20. » Истор. Педагогике — добар (3)
21. » Школског Рада — добар (3)
22. » Антропологије
23. » Хигијене с домаћим лекарством — добар (3)
24. » Пољске Привреде — врло добар (4)
25. » Црквеног Појања — добар (3)
26. » Нотног Певања — врло добар (4)
27. » Гимнастике — добар (3)

Походио цркву и школу — похвално

Владао се ...

Напомена: ... 26 маја 1919 године ...

Бр. 935
12 јула 1920. год.
у Призрену.

Ректор,

(Сведителство за завршено богословско-учителско училиште на Трпо Онуфриевски, 1920 во Призрен)
(Certificate of finished theological- teacher’s school of Trpo Onufrievski, 1920 in Prizren)

Во февруари 2007 година во телефонски разговор, поп Стојче ми вети дека ќе ми ја исполни мојата желба, која му ја изреков во 2006 година и ќе ми ја даде книгата Молитвословја. Поп Стојче ми вети дека ќе ми ја даде книгата Молотвословја, која до 1933 година била дел од библиотеката на дедо ми Трпо, а после останала кај дедо Ѓиго. Поп Стојче го исполни ветувањето и на 08. 02.2008 година ми ја предаде

книгата Молитвословја и во иднина ќе биде дел од мојата лична и фамилијарна библиотека.



( Молитвословја, внатрешен текст од книгата)
( Molitvoslovja,text of the book )

Така, завршија многу вредни книги и документи на дедо ми Трпо. Но, јас сепак сум многу задоволен што моето трагање вроди со плод и до 2007 година на траг сум на четири книги, кои биле дел од библиотеката на дедо ми, а една од нив ќе биде и дел од мојата библиотека, за што сум му бескрајно благодарен на поп Стојче.

Но, не само што се изгубија и отиднаа во Софија и Белград книгите на дедо Трпо и прадедо ми Спиро, туку многу книги кои беа во конаците на Лешочкиот манастир за секогаш биле однесени во Софија и Белград, а можно е дека некои книги се однесени и во Москва или Санк Петерсбург, кога доаѓале Селишчев, и др. руски историчари и научници. Поп Стојче Ристовски ми рече на 20 јануари 2008 година за однесените книги во Втора светска војна, му кажал дедо Столе Кировски-Скуко, дедото на др- Спасо Костев Кировски и проф. Мирко Костев Симјановски од Лешок, денес пензионери, дека неколку товари со книги му

наредиле да ги земе од Лешочкиот манастир, да ги натовари на магариња и ги однесле на железничката станица во Ратае и со воз биле однесени во Софија.



(Книгата Молитвословја по 55 години се врати во родот Лалошои и е во раце на Митко Спироски, внук на Трпо Онуфриевски од Лешок, а книгата 2008 год. ми ја подари поп Стојче Ристовски од родот Петреej од Лешок-Извор: ред. бр.54 )
(The Book Molitvoslovja after 55 years has come back in the kin Lalosoi, in hands of Mitko Spiroski, Trpo Onufrievski's grandson-Lesok, the book ( 2008) is a gift of priest Stojce Ristovski of the kin Petreej -Lesok-Reservoir: No. 54 )

Содржина на овој текст му ја дадов на Владимир Кочовски од Тетово, кој работи во Библиотеката Кочо Рацин во Тетово и кој има напишано наколку книги , меѓу кои и книгата: Од буква до библиотека и библиотекрството во Тетовско до 1941 година ( Извор: ред. бр.11).

Владо Кочовски продолжува да трага по книгите во Тетовско и затоа му го дадов овој текст на 01.03.2007 година, во ракопис. Почитуваниот Владимир Кочовски искористи делови од мојот текст за текстот Библиотеки на свештени лица во тетовско во 19 и 20 век, кој ќе биде публикуван во Часописот Библиотекарство, Волумен 25, бр. 1 од 2007 година (извор: ред. бр. 143 ) и вториот текст кој му е во ракопис и носи наслов: Лични и семејни библиотеки во Полог, кој треба да се објави во 2009 година (извор: ред. бр. 132 ).

На 25 јануари 2008 година, Илија Петрушевски ми рече дека од Борис Петрев Момировски слушнал дека професорот Крсто Дорев кој беше учител помакедонскијазик во ОУ Кирил Пејчинович во Теарце, им велел на учениците ако имаат стари книги да му ги донесат. Така, проф. Дорев направил своја голема библиотека на стари книги. Борис Момировски во телефонски разговор ( 044/ 338-200 ) ми потврди дека слушал од ученици, но, нема потврдени докази дека Дорев собирал стари книги од учениците. Имено, Борис ми рече дека нему не му предавал

проф. Дорев и он директно не слушнал такво барање од професорот, туку, само слушал од повеќе ученици и најверојатно истото е вистинито. Инаку, Илија ми рече дека проф. Дорев земал некоја стара книга, од поп Ѓиго од Лешок и дека по изминато долго време проф. Дорев не му ја вратил книгата и дека се слушало дека дедо Ѓиго се карал со професорот и барал да му ја врати назад, оти таа била црковна книга и била дел од библиотеката на нашиот род.



( Дел од Библиотеката на Митко Спироски, во станот во Аеродром )
( Part of the library of Mitko Spiroski, in the flat in Aerodrom )

Инаку, на Илија Петрушевски му објаснив за 1947 година, кога проф. Марков од Отуње бил испратен од проф. Поленаковиќ да отиде во Лешок и да ја земе книгата Огледало од прадедо ми Спиро и така Марков го зел првиот примерок на Огледало во Македонија. Бидејќи, јас сакам да дојдам до книгата Огледало која ја зел академик Поленаковиќ, Ило ми даде тел.број на Власто Видоевски, син на проф. Видое Видоевски ( тел: 02/ 32 35 400 во Скопје) и можеби ќе може да ме упати и да ми помогне како да дојдам до оригиналната книга од Огледало.

Се интересирав за оставината од книги и ракописи на Академик Харалампие Поленаковиќ и ми рекоа дека тој ја оставил во НУБ.

Инаку, Илија ми рече дека проф. Дорев по пензионирање се вратил во Ресен и таму ги минувал пензионерските денови.

По некој ден го добив телефонскиот број на проф. Дорев во Ресен, беше здрав и жив и ми рече дека не е точно дека собирал стари книги од лица и дека не земал книги од поп Ѓиго. Дали проф. Дорев ми ја кажа вистината ?

Планирам овој текст да го проширам, доработам и дополнам со фотографии и да го објавам во книгата: ЛЕШОК ВО МОЕТО СРЦЕ И МОЈАТА ДУША (извор: ред. бр. 131).



( Митко Спироски, внук на Трпо Онуфриевски,во канцеларијата на фирмата Тим Консалтинг, Скопје)
( Mitko Spiroski, grandson of Trpo Onufrievski, at office the Tim Konsalting, Skopje)